# МИСИОНСКИ
# ПРОПОВЕДИ



ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2019

*Сабота, 6 април 2019*

## Проповедај го Евангелието

**Дела 8,26-39**

Ова е единствена сторија. Не ја знаеме точната причина зошто ги поминал сите тие километри кои неговата татковина ја одвојувале од Израел. Можно е тоа да имало некаква врска со неговата работа, но сепак, тој бил ризничар на Етиопија. Истот така, речено е дека бил скопеник, иако тоа нема многу врска со споријата. Изразот скопеник се користел за некој кој бил кастриран, но исто така се користел и за службеници на владата. Како и да било, не се работело за комплимент. Важно е што разбираме дека тој имал висока положба на дворот во својата земја. Можно е поради својата работа да бил отсутен од својот дом. Иако не знаеме зошто се нашол тука, знаеме нешто за она што го правел додека бил во Израел. Се кажува дека одел кон Ерусалим на богослужение, како дел од неговото патување. Не знаеме како слушнал за Израелскиот Бог, но во некој миг во својот живот го открил единствениот вистински Бог, го прифатил и сега имал прилика да му се поклони во Ерусалим.

Сепак, неговото верување не е толку голема мистерија. Во Стариот завет во 1. Царевите во 10. глава читаме за таинствената гостинка на царот Соломон. Таа се нарекува царица Савска и кажано е дека таа чула за големата мудрост на Соломон и дека дошла лично да се увери во тоа. Му донела и многу скапоцени дарови и му поставила многу тешки прашања на Соломона, а тој мудро одговарал на сето тоа. Иако не знаеме каде точно се наоѓала Сава пред четири илјади години, традицијата ни кажува дека таа заземала територија која сега ја познаваме како Етиопија, и традицијата повторно ни кажува дека, откако го прифатила Соломоновиот Бог, царицата се вратила во својата земја.

Веројатно од оваа причина наголемиот медал во Етиопија се нарекува *Највозвишен ред на царицата Савска*, и кога би го погледнале медалот би виделе дека е обликуван како Давидовата звезда. Можеби затоа и не нè чуди фактот дека ризничарот имал сосема пристојно знаење за Јудаизмот.

Сигурен сум дека во светиот град ја искористил приликата малку да разгледа. Шетал низ храмот, ја посматрал околината и сега се наоѓал на својот пат кон дома, читајки гласно од Стариот завет. Тоа можеби и не е толку чудно како што звучи. Ние обично не читаме гласно доколку не му читаме на некој друг, сепак знаеме од историјата дека кога луѓето во тоа време читале, читале главно гласно, дури и за самите себе.

Додека така потскокнувал со својата кола на патот, читајќи од Стариот завет, од Книгата на пророк Исаија, еден човек почнал да оди покрај неговата кочија и поттикнал разговор за текстот што го цитал овој патник. Не поминало долго време и странецот му покажал на патникот како пророштвото од Стариот завет оживеало во Исуса Христа. Не е забележан целиот разговор, но го имаме резултатот, зашто кога патникот ја чул целата приказна побарал да се крсти, веднаш, на тоа место, и го продолжил својот пат радувајќи се за она што го направил. Така, мораме да претпоставиме дека го прифатил Христа како свој Спасител и го доживеал проштавањето кое доаѓа со него.

Што можеме да научиме од овој извештај? Сè до овој миг евангелската порака им се проповедала на Евреите и на Самарјаните. Самарјаните себеси се сметале за Евреи (иако самите Евреи не ги посматрале така) и биле измешана лоза која настанала како резултат на венчавање на Евреите со незнабошци во текот на прогонството. Оваа сторија е извештај за првата личност која не била ни Евреин или Самарјанин, а која го прифатила Исуса Христа како свој Спасител.

**1) Сторија за послушноста**

Ако се вратиме малку назад во книгата Делата на апостолите, ќе откриеме дека црквата во Ерусалим растела без оглед на противниците, и дека била прогонувана. Некои биле фрлани во затвори, а други убивани. Затоа христијаните се преселиле од градот, за да го избегнат прогонството. Интересно е што последните Христови зборови биле заповед црквата да го проповеда евангелието надвор од Ерусалим, но ним им било толку удобно и требало да доживеат закана со смрт, за вистинските верници навистина да го направат она што требало веднаш да го направат. Во Дела 8,1 читаме: „Во оној ден стана и големо гонење против црквата во Ерусалим; и сите, освен апостолите се распрснаа по краиштата на Јудеја и Самарија."

Еден меѓу оние кои побегнале бил и Филип, еден од седумтемина кои во 6. глава биле избрани за ѓакони. Тоа е интересна сторија за почетокот на црквата. Кога Филип стигнал во Самарија, почнал на луѓето да им проповеда за Исуса и настанало извонредно будење. Луѓето се спасувале, демони биле истерувани, болни лечени. Кога тоа би се случило денеска, сигурно би била напишана книга, направено ЦД со материјали и веста би била објавена на телевизија, во весниците... Пред 2000 години овој настан би предизвикал посета од страна на апостолите. Среде таква возбуда се наоѓал и Филип. Не можеме ни да почнеме да замислуваме колку бил восхитен кога се нашол сред ова големо Божје дело.

А потоа одеднаш читаме во Дела 8,26: „И Господов ангел му рече на Филипа: 'Стани и оди кон југ, по патот што се спушта од Ерусалим кон Газа, и тој е пуст.'"

Се прашувам како се чувствувал Филип? Одеднаш му било речено дека треба да го напушти сето она што се случувало. Можеби се бунел, „Но, Боже, ова е добро, луѓето се спасуваат, се случуваат чуда, зар не треба да останам?" „Не, мора да заминеш." „Но, Боже, Ерусалим е опасен, знаеш дека таму го убија Стефан." „Знам, но сакам да одиш, сега." Реакцијата на Филип можеме да ја видиме во следниот стих кој почнува со

зборовите: „Тој стана и отиде. И ете, маж Етиопеец - скопеник, дворјанин на етиопската царица Канадакија, кој беше одговорен над целата ѝ ризница, а беше дошол во Ерусалим да се поклони, и на враќање, седеше во својата кола и го циташе пророкот Исаија.“

Ајде да погледнеме една библиска мапа. Овде е Мртвото Море, ова зеленото е Египет. Овде, во Самарија, се случувале возбудливи работи; овде се наоѓа Ерусалим каде што црквата била прогонета, и еве ја Газа. На Филип му било наредено да оди и некаде долж тој пат да го сретне скопеникот.

Филип го послушал Божјиот повик. Дали некогаш сте чувствувале поттик за кој сте знаеле дека доаѓа од Бога? Да отидете некаде или некому да му зборувате за Христа? Дали некогаш сте се посомневале во таа заповед, можеби сте помислиле, „Што ќе кажат ако почнам да зборувам за религиски работи“, или „Не би знаел што да кажам“?

Мора да послушаме. Можеби Филип не знаел дека се работи за нечија душа, ова било предизвик на неговата послушност и можеби ние мора да разбереме дека, кога некому му зборуваме што Бог направил во нашиот живот, не е прашање на срам, туку прашање на вечност. Можеби мора да признаеме неколку работи, а првата работа е дека, ако некој не го прифати Исуса Христа како Спасител и не побара проштавање, тогаш тој се наоѓа на патот вечноста да ја помине без Бога, односно да биде засекогаш загубен. Второ, наша одговорност е тоа да им го кажеме на луѓето.

Римјаните 10,14: „Но, како ќе го повикаат оној во кого не поверувале? А како ќе поверуваат во Оној, за кого не чуле? А како ќе чујат без проповедник?“

**2) Сторија за итноста**

Кога му било на Филипа наредено да оди, во тоа барање се наоѓало извесна доза на итност. Требало веднаш да покаже послушност за да го сретне скопеникот. Одложената послушност не е послушност. „Тоа ќе го сторам утре“. Тоа значи дека

нема да го сторите денеска.

Веројатно постоеле неколку причини зошто тоа морало да се случи токму тогаш. Патот бил мирен и им овозможувал прилика да разговараат; Етиопеецот штотуку се враќал од богослужение и неговиот ум и неговото срце биле насочени кон духовни работи. Од сите можни стихови од Стариот завет, тој го читал пророштвото кое се однесувало токму на Исуса, патувале по патот кога се нашло некое место на кое имало доста вода, што му овозможило на човекот да се крсти. Подоцна не би било добро, морало тоа да се случи токму во тој миг.

Понекогаш не смееме да чекаме. Животот е кревок и кршлив, а тоа многу добро го знаеме. Душата на која денеска треба да ѝ зборувате, утре можеби повеќе нема да биде тука. Или таа можеби токму сега размислува за вечноста и срцето ѝ е отворено. Но, од некоја причина, кога Бог ќе ве поттикне да се обратите до некого, да му зборувате за вечноста, сторете го тоа веднаш.

**3) Сторија за подготвеноста**

Кога се појавила прилика, Филип знаел што да каже. Дела 8,35: „А Филип ја отвори устата и почнувајќи од тоа писмо, му проповедаше за Исуса."

Патникот читал од книгата на пророкот Исаија, и Филип тоа го искористил и го поврзал со пораката на евангелието. Исус бил мајстор за ова. Се сеќавате ли кога разговарал со жената на изворот во Самарија, кога разговорот го свртел кон водата и ѝ понудил жива вода? Му зборувал на мноштвото, а тие му рекле дека Мојсеј на нивниот народ им дал леб, а што ќе им даде Тој? Исус им го понудил лебот на животот. Во 1. Петрово 3,15 читаме како Петар се обратил до верниците со зборовите: „Туку осветувајте го во своите срца Христа како Господа, секогаш подготвени за одговор на секого, кој ја бара причината на надежта."

Не е потребно да завршите теологија за да го свртите разговорот кон духовни теми.

**4) Сторија за прославувањето**

Дали сакате стории со среќен крај? Тие се возат во колата. Слушајте го извештајот во Дела 8,35-37: „А Филип ја отвори устата, и почнувајки од тоа Писмо, му проповедаше за Исуса. А кога патувајќи дојдоа до некоја вода, Етиопјанецот рече: 'Еве вода! Што ми пречи да се крстам?' А Филип рече: 'Ако веруваш од сѐ срце, можеш'. Тој одговори и рече: 'Верувам дека Исус Христос е Божји Син.'" Овој човек бил спасен. Сите сакаме кога планот ќе се оствари. За што се работи? Дали знаете што сакал да направи? Сакал да се крсти. Кога ќе станете христијанин, во вас се раѓа желба да се крстите. Библијата ни кажува дека тоа треба да го сториме. Во Дела 2,38 Петар одговорил: „Покајте се, и секој од вас нека се крсти во името на Исуса Христа за проштавање на вашите гревови; и ќе примите дар на Светиот Дух."

Дали се секавате како сте се чувствувале кога сте сфатиле дека гревовите ви се простени? Библијата ни кажува дека патникот, откако Филип го крстил, радосен си заминал по својот пат. Можам да го замислам и Филипа кој продолжил радувајќи се што се случило сето тоа. Сосем сигурно знаеме дека и на небото настанала голема радост. Проповедта би можела овде да заврши, но сакам да ви кажам уште нешто.

**5) Сторија која разочарува**

Историјата ни кажува дека христијанството стигнало во Етиопија во четвртиот век, кога еден христијански филозоф од Тир, по име Меропиус, доживеал бродолом на својот пат кон Индија. На тој начин, под негово влијание, Етиопија го запознала христијанството. Тоа било по 400 години откако скопеникот се вратил дома како променет човек.

Христијанството извршило огромно влијание врз Етиопија, веројатно поради еврејското влијание од минатите години, но зошто тоа не се случило пред тие 400 години? Дали е можно скопеникот да молчел за својата нова вера од страв дека ќе му

се спротивставаат? Христијанството секогаш се наоѓа само една генерација пред истребување. Ако ние, нашата генерација, не им зборуваме на другите, кој ќе го стори тоа? Дали нашата вера ќе умре со нас, како што умрела со патникот?

Ова утро, додека ви проповедав, сигурно се сетивте на некои имиња и Бог ви проговорил за нив. Прочитајте ги повторно зборовите на апостол Павле од Римјаните 10,14 и размислете. Немојте тоа да го занемарите, зашто последиците можат да бидат трагични. Напишете го нивното име на својот молитвен список и најпрво молете се Бог да ви даде прилика да им зборувате за својата вера, или да ги повикате во црква. Потоа молете се да бидете послушни кога ќе се случи тоа.

*Сабота, 4 мај 2019*

## Развивање на неодолив христијански карактер

Постои едан проблем со кој се соочуваме на почетокот на оваа проповед: Кога Христос телесно би бил присутен денеска со нас, восхитено би им го претставувале на другите.

Овој проблем бил клучен пред повеќе години во една песна која се викала: „Јаковови скали“ и која заземала прво место на музичките топ листи. Хјуи Луис ја пеел како да го прогонува некој дебел човек кој продавал спасение. Не е никакво чудо што одговорил дека се брза да размислува за таквите работи, а потоа остро додал, „Не сакам да бидам како тебе.“

Повеќето луѓе нема тоа директно да го кажат, но бидете сигурни дека така мислат. Тие не се заинтересирани да му го посветат својот живот на Христа доколку не видат привлечни и веродостојни примери во животот на христијанинот кого го познаваат. Еден христијански писател рекол: „Христијаните треба самите да бидат добра вест пред да ја проповедаат.“

**Да прочитаме Матеј 5,13-16.** Иако е привлечно, предвременото истрчување на сцената и зборувањето за практични со-

вети за тоа како да се практикува нашата вера, би било избрзано. Видете, пред да можеме да станеме мошне неодоливи христијани, најпрво мораме да живееме така, и на тој начин луѓето околу нас ќе ги убедиме дека тоа навистина сме – вистински христијани!

Дали забележавте дека во овие стихови Исус кажува дека сме сол и светлина, но не зборува што треба да кажеме? Тој нам не ни дава евангелска проповед во три точки. Не ни изнесува четири духовни закони или која било друга презентација. Не ни црта никакви илустрации.

Ако сакаме да бидеме онакви христијани какви што Исус рекол дека треба да бидеме, тогаш најпрво мора да направиме некои прелиминарни чекори - да се  преиспитуваме самите, а потоа да бидеме подготвени да го прилагодиме нашиот карактер. Мора да се погрижиме да живееме во согласност со зборовите што ги зборуваме. Поинаку да ги поставам зборовите на онаа песна: сакаме луѓето да го посматраат нашиот живот и да мислат - „Никогаш не сум помислил дека ќе чувствувам такава итност во духовните работи, но би сакал да бидам како нив.“

Исус знаел за важноста на забележувањето. Затоа ни дал толку јасни упатства да бидеме сол и светлина. Тој знае дека, додека учите како да живеете според овие упатства на опиплив начин, луѓето ќе почнат „да ги гледаат вашите добри дела и да го слават вашиот татко кој е на небесата.“

Гледате ли што сакал Исус да каже во овие стихови во Матеј 5 глава? Тој ни зборува дека ставовите и однесувањата на секој негов следбеник или ги привлекува луѓето да решат да имаат заедница со Бога или ги турка уште подалеку. Затоа Исус се молел неговиот народ – тогаш и сега – да живее така да може да ги привлекува луѓето кон Отецот. Размислете за ова: начинот на кој живееме секој ден има влијание кое допира сè до вечноста.

**1. Христијани кои изгубените ги одбиваат од Христа.**

Солта и светлината можат да бидат добри. Но можат да бидат и лоши, ако ги користите премногу. Премногу, може да биде одбивно! Каков вкус има храната во која е ставено премногу сол? Што се случува кога на автопат ќе ви се приближи некој со вклучени долги светла?

Христијаните, кои ги одбиваат изгубените, се сол која го изгубила вкусот и светлина која е скриена. Таквите христијани не го вршат потребното влијание на луѓето околу себе.

Дозволете ми да ви претставам три вида христијани кои ги одбиваат луѓето од Христа.

**а) Нападни христијани**

Тоа се оние тврдокорни евангелисти кои сакаат да се расправаат. Тие стојат покрај вас додека чекате да се вклучи зеленото светло и викаат, знаете ли дека без Христа ќе завршите во пеколот?“

**б) Потоа имаме христијани од типот „посвет сум од тебе“**

Ова се самозадоволни и самоправедни типови. Тие својата свештеничка, Фарисејска облека, ја замениле со современа, но нивните срца еднакво ги осудуваат. Тие јасно ви ставаат до знаење дека веројатно не можете да го исполните нивното ниво на духовност, па затоа е подобро да не се ни обидувате. Сигурен сум дека сте запознале такви луѓе.

**б) Најпосле имаме христијани козметичари**

Тоа се христијани кои пријателите ги препознаваат само како површни христијани, христијани само според нивниот изглед. Нивната вера, длабока колку што е длабока и кожата на телото, не го менува нивниот карактер и вредностите. Пријателите ги гледаат овие луѓе и велат: „Не постои вистинска разлика меѓу мене и нив, освен што јас повеќе се забавувам.“

„Ако гревот го затемни и нашето сведоштво така што нашата ’светлина’ повеќе не може да се види, некои од нив на кои сме можеле да влијаеме за Христа можат да заталкаат во духовна темнина„ напишал еден духовен писател.

Но тоа е предупредување. Не треба така да биде. Христијаните се невкусни ако се бескорисни за Христа. Тие треба да бидат вкус за христијанството, искра на живот и несебичност, и тоа е мошне привлечно. Таквите луѓе ги нарекуваме неодоливи, оние кои изгубените ги привлекуваат кон Христа.

**2. Христијани кои изгубените ги привлекуваат кон Христа**

Христијаните кои соодветно шират влијание на луѓето околу себе и ја покажуваат реалноста на својата вера се нарекуваат неодолливи христијани. Тоа се христијани кои покажуваат „добри дела" кои влијаат на луѓето за Христа.

Дозволете да ви дадам ***три примери*** на христијани кои имаат ваков привлечен неодолив карактер.

*а) Првиот пример се* ***Скапи христијани.***

Мислам на верници кои живеат според својата вера дури и кога тоа бара жртви.

За да го прикаже влијанието на **скапите христијани** во својот премин од атеизам во христијанство, Ли Стробел раскажува за Рон Бронски.

Рон бил член на една улична банда во Чикаго. Противничката банда го претепала неговиот брат, па Рони решил да се одмазди. Една ноќ зел пиштол и го чекал Гери, момчето кое било одговорно за претепувањето на неговиот брат. Кога Гери излегол од зградата, заедно со уште неколку членови од неговата банда, Рони им пришол зад грб, го кажал името на својата банда и повлекол за да пукне. Пиштолот не пукнал, но членовите на бандата се свртеле и Рони продолжил да пука. Овој пат куршумот бил испален во воздух. Членовите на бандата се разбегале, но во различни насоки.

Рони почнал да трча по Гери. Повторно пукал и го погодил Гери во грбот. Рони му се приближил, го свртел и го ставил пиштолот на неговото чело. Уште еднаш запукал, но овој пат пиштолот се заглавил. Рони го фрлил пиштолот и побегнал. Знаел дека мора да замине од градот. Се спакувал и истата ноќ со својата девојка заминал во Портленд, во Орегон.

Во Портленд Рони се вработил, и таму го окружиле неколку неодоливи христијани. Со текот на времето донел одлука за Христа. Рони почнал да се менува. Станал примерен верник во својата црква. Станал пример во општеството. Меѓутоа, нешто длабоко во него продолжило да му ја разјадува душата. Рони знаел дека, иако неговиот живот бил обновен во заедницата со Бога, тој сè уште не се помирил со општеството. И понатаму постоела потерница по него поради обид за убиство. Иако полицијата во Чикаго одамна престанала да го бара Рони Бронски, и веројатно била среќна што тој повеќе не е во градот, иако можел да остане во Портленд и да живее без да го фатат, знаел што треба да стори.

Се поздравил со својата жена и со децата. Зел мал дел од тешко заработените пари и се качил на воз за Чикаго, за да се предаде. Знаел дека го очекуваат најмалку 20 години затвор.

Ли Стробел, кој во тоа време бил атеист, бил и новинар за Чикаго Трибјун и известувал од судницата. Навикнал да слуша луѓе кои очигледно биле виновни, но се обидувале да го искористат системот и да пронајдат некоја дупка во законот за да се извлечат од одговорноста поради криминалното дело кое го сториле.

Сега на сцена настапува Рони. Тој му вели на судијата. „Јас го сторив тоа. Јас сум виновен зашто не само што го ранив, туку сакав и да го убијам. Но, станав христијанин, и сега сфаќам дека она што го сторив беше погрешно. Жал ми е поради тоа."

Ли Стробел напишал: „Тоа ме привлече кон Христа."

Посматрајќи некого кој бил толку силно убеден во својата вера што решил да му остане верен на Бога и по цена да помине 20 години во затвор, извршило огромно влијание и му покажало дека верата на Рони е вистинска.

*б) Друг вид на христијани, кои ги привлекуваат другите кај Христа, се* ***Сочувствителените христијани.***

Кога недостасува сочувство ориентирано кон акција, тоа е показател дека во духовноста нешто недостасува. Било да е тој

проблем организациски или поединечен, христијаните кои се безгрижни не ги привлекуваат другите во своето стадо. Но јасната и веродостојна демонстрација на љубовта, слична на Христовата, претставува магнет кој ги привлекува луѓето кај него. Затоа, ајде да зборуваме за сочувствителниот христијанин.

Една од основните причини зошто Бог ги повикува своите следбеници да бидат луѓе кои ќе се грижат за другите, е токму поради тоа што, како ниедна друга работа, делата на милосрдие ги отвораат срцата на луѓето. Со други зборови, постои огромна привлечна сила во изразувањето дури и на едно дело на љубезност. Бог сака таа сила да ги привлече луѓето кон неговиот Син. Овие дела на служба опфаќаат и наизменични дела на љубезност. Но тие, исто така, опфаќаат и промислен труд да им се служи на вистинските потреби на луѓето кои Бог и ставил околу нас. Тоа е, на пример, готвење ручек за семејство во соседството кое има здравствени проблеми. Тоа е чување деца за оние кои немаат таква помош при рака. Тоа е повикување на пријателите на вечера во вашиот дом. Тоа е давање доброволна помош кога го поправаат автомобилот или работат нешто на куќата. Списокот би можел да стане бескраен, зашто секоја изразена служба на мошне практичен начин ја покажува Божјата љубов.

*в) Третиот вид неодоливи христијани се* ***Верните христијани.***

Зборуваме за оние кои покажуваат интегритет на верата дури и тогаш кога не знаат дека ги посматрате. Тие се автентични во борбите кои се одвиваат во нивниот живот. Тие имаат високо ниво на чесност.

Дали знаете што сакаат пријателите да видат во вас, далеку повеќе од наместените насмевки и верските изрази? Тие имаат потреба да видат како се борите со стравот, со тагата, со лутината, со љубомората и губитокот. Потребно им е да слушнат како отворено им зборувате за својата борба со гревот. Потребно им е да посматраат како ја живеете својата вера без да ги отфрлате реалните работи на секојдневниот живот.

Неодамна чув за еден деловен човек, кој, кога бил пријател, вработил многу христијани во својата фирма. Ги посматрал како орел. „Знаете, бев приблечен кон Бога додека ги посматрав христијаните кои беа совесни и љубезни, темелни и вредни на работното место", кажува тој, „но морам да ви кажам што навистина изврши најголемо влијание врз мене. Еден ден, едно момче, за кое знаев дека штотуку се обратило, побара да се сретне со мене по работното време. Се согласив да се видам со него, но подоцна во текот на денот се плашев дека овој млад верски зелот ќе се обиде да ме обрати.

„Бев изненаден кога дојде во мојата канцеларија со наведната глава и ми рече: 'Господине, ќе ви одземам само неколку минути од вашето време, но дојдов да се простам со вас. Во текот на сиве овие години додека работев за вас, го правев она што го правеа и многу други работници, понекогаш позајмував производи од компанијата. Земав некои работи, ги злоупотребував телефонските привилегии и понекогаш лажев за работното време. Но пред неколку месеци станав христијанин – и тоа за мене е стварност. Од благодарност кон Христа за она што го направил за мене, бидејќи сакам да му бидам целосно послушен, сакам да ја поправам штетата што ѝ ја нанесов на компанијата и вам. Дали можеме да смислиме некој начин да го сториме тоа? Се разбира ако мора да ме отпуштите поради она што ви го направив, тоа го заслужувам. Или, ако не сакате да ми платите, одвојте онолку колку што сметате дека е соодветно. Само сакам да ги поправам работите пред Бога и пред вас."

Да, работите се поправиле. Деловниот човек рекол дека овој разговор извршил подлабоко духовно влијание од сѐ друго. Тоа била највлијателната демонстрација на вистински христијанин која некогаш ја доживеал.

Што е тоа што го направило овој верник толку привлечен? Дали тоа била некоја нова презентација на евангелието? Дали било добро извежбано раскажување на искуство? Очигледно

дека не. Тоа било едноставно, искрено и понизно признавање на гревот, заедно со подготвеност сето тоа да се поправи. Тоа било вистинско христијанство.

Можеби постои нешто што треба да го признаете на работното место, во својот дом или во своето соседство. Или можеби постои некое друго подрачје во вашиот живот за кое знаете дека не е добро, но и понатаму се обидувате да го скриете и се надевате дека никој нема да го открие. Можеби Божјиот Дух сега ве поттикнува да му пријдете на некој човек и да му кажете: „Бидејќи сум сериозен во својата зедница со Бога, сакам да ги поправам работите пред него и со тебе. Мора да ти се извинам.“

Луѓето, кои го истражуваат христијанството, не очекуваат совршенство од христијаните. Тие се премногу умни за тоа! Тие се надеваат дека ќе наидат на некој кој е доволно храбар да ги признае своите грешки и да ги поправи работите. Тие сакаат да видат понизност и покајание.

**Заклучок**

Неодамна видов едно писмо кое една релативно нова христијанка го напишала до своја пријателка која извршила големо влијание врз неа и ја поттикнала да стане христијанка. Таа буквално навела десетина квалитети кои ги сметала како неодоливи во животот на оваа постара христијанка. Слушнете дел од она што го напишала: „Знаете, кога се запознавме, почнав да откривам нова ранливост, топлина и недостаток на преправање, тоа ме трогна. Видов во вас дух кој цвета – никаде немаше знаци на стагнација. Можев да видам дека сте личност која расте и тоа ми се допадна. Видов дека имате силна самопочит, која не е заснована на книгите со упатства за самопочитување, туку врз нешто подлабоко. Видов дека живеете според своите убедувања и приоритети, а не само да им угодите на себичните задоволства и од финансиска полза. И никогаш не сум сретнала личност како што сте вие.

Ја почувствував длабочината на љубовта додека ме слушавте и не ме осудувавте. Се обидовте да ме разберете, сочувствувавте и се радувавте со мене, покажавте љубезност и великодушност – не само кон мене, туку и кон другите.

Претставувавте нешто. Бевте подготвени да одите против токот на општеството и да го следите она за кое верувавте дека е вистина, без оглед што кажуваат луѓето и колку тоа вас ве оптоварува. Од тие причини, и од безброј други, открив дека го сакам она што го имате. Сега, кога станав христијанка, сакам да ви напишам дека сум благодарна, многу повеќе отколку што можат зборовите да го направат тоа, поради начинот на кој го живеевте својот христијански живот пред мене.“

Во основа таа рекла: „Ви благодарам што бевте толку неодолива христијанка.“ Читањето на ваквото писмо ме мотивира да живеам како неодолив христијанин. Како е ситуацијата со вас? Сигурен сум дека и вие сакате животот да ви значи многу повеќе отколку што ви значи сега!

*Сабота, 1 јуни 2019*

## Влезете во жетвено поле

**Да прочитаме: Матеј 9,35-38**

Сторијата кажува дека Марк Твен сакал да оди во риболов, но мразел да фаќа риби. Проблемот бил во тоа што на риболов можел да се олабави, а фаќањето риба го уништувало неговиот мир и релаксација, зашто морал да ја симне од јадицата и да направи нешто со неа. Кога сакал да се смири не работејќи ништо, луѓето мислеле дека е мрзлив, но кога би одел на риболов, можел да се опушти колку што сака. Луѓето би го виделе на брегот и би рекле, „Еј, тој фаќа риби, немојте да му пречите.“ Така Марк Твен пронашол одлично решение: би го зел стапот,

кесичка, плутата, но на крајот не ја ставал јадицата. Би ја фрлил плутата во водата и би легнал на брегот. На тој начин можел да се опушти колку што сака, а да не му пречат ни луѓето ни рибите.

Марк Твен е сличен на многу христијани што ги познавам. Тие имаат стап во водата, но на крајот немаат јадица. Тие не ловат; тие се опуштаат. Мислите ли дека Исус мислел на тоа кога рекол: „Тргнете по мене, и ќе ве направам ловци на луѓе“ (Матеј 4,19)? Имало многу луѓе кои ја посетувале нашата црква и велеле: „Дојдовме зашто мислиме дека оваа црква навистина нешто работи.“ Тие сакаат да бидат поврзани со црква која ќе прави сериозни напори во општеството во коешто живее, но никогаш не станале дел од црковните служби. Не станале дел од мисионството. Нивната плута стои над водата, но немаат јадица.

Исус рекол: „Жетвата навистина е голема, а работници малку. Молете го тогаш Господарот на жетвата да испрати работници во својата жетва“ (Матеј 9,37.38). Ако тоа важело тогаш, важи и денеска. Премногу често сме едноставно среќни што сме безбедни и забораваме дека постојат други кои се наоѓаат во опасност и до кои треба да допреме. Џорџ Свизи предупредил, „Закон на која било црква секогаш бил и ќе биде: евангелизирајте или фозилизирајте.“ Библијата вака се изразува во врска со тоа: „Туку осветувајте го во своите срца Христа како Господа, секогаш поготвени за одговор на секого, која ја бара причината на надежта“ (1. Петрово 3,15).

Сакам стиховите што ги прочитавме денеска да ги поделам на три дела, во кои главно место има „Тој“:

1) Тој го видел народот.
2) Тој се сожалил.
3) Тој ги повикал своите ученици.

Верувам дека ако го следиме Исусовиот пример ќе можеме навистина да го видиме народот и да се сожалиме, и така проблемот со жетварите во полето ќе биде решен.

Исус најпрво го гледал мноштвото. Кога навистина ги согледувате потребите на луѓето и ако сте новородена личност, ќе сакате да им помогнете. Библијата кажува дека Исус минувал низ селата и градовите проповедајќи и учејќи за добрата вест за царството, и лекувајќи. Тој бил трогнат од човечките потреби. Ги видел луѓето и нивните проблеми, зашто одел таму каде што се наоѓале тие и им дозволувал да се собираат околу него. Тој не е таков Бог кој седи на златен престол над облаците и намуртено врти со главата. Не, тоа е Бог кој доаѓа кај нас со цел да се сретне лице в лице со нас. Тој гледа затоа што е присутен. Некој може да ви раскажува за потребите на луѓето во некое место, но доколку не дојдете лице в лице со таа личност, нема да можете да ја видите стварноста која се наоѓа околу вас. Мора да одите таму каде што се луѓето. Мора да ги допрете, да ја почувствувате нивната пот, да го доживеете нивното чувство на немоќ. Не можете да го видите народот доколку не се заинтересирате за луѓето.

Постои една трогателна сцена во филмот Доктор Живаго, кога генералот разговара со Тања за трауматичниот настан во нејзиниот живот. Тој ја прашаува: „Како се изгуби?“ Тогаш таа одговара, „Па, едноставно се изгубив.“ Но, тој е упорен и повторно прашува, „Не, навистина, како се случило да се изгубиш?“ Тања не сака да одговори, но конечно ќе раскаже уште едно учтиво објаснување. „Едноставно се изгубив. Јас и татко ми трчавме низ градот кој гореше. Револуцијата дојде и се обидувавме да побегнеме и јас се изгубив.“ Генералот продолжува да врши притисок: „Како се изгуби?“ Таа и понатаму не сака да каже, но конечно ќе изговори: „Трчавме низ градот и татко ми ја пушти мојата рака и јас се изгубив.“ Потоа тажно додала, „Тој ме пушти.“ Тоа не сакала да го каже. Генералот вели: „Тоа се обидував да ти го кажам, Тања. Комаров не е твојот вистински татко. Живаго е твојот вистински татко и можам да ти ветам, Тања, дека, кога тој човек би бил таму, твојот вистински татко, не би ја испуштил твојата рака.“

Сведочењето е зборување на луѓето каков е нивниот вистински Татко. Пораката која мора да му ја пренесеме на светот е дека се загубени затоа што ги оставиле и ги изневериле лажните богови во коишто верувале, зашто тие не се нивниот вистински Татко. Нивниот вистински Татко никогаш не би ги напуштил. Мислам дека Исус сака да каже дека многу луѓе се загубени, не затоа што се самите криви, туку затоа што биле беспомошни и туркани наоколу кога светот ги напуштил. Тие талкале и едноставно било потребно да бидат пронајдени. Но, како може да се случи тоа ако останеме во нашите удобни куќи, опуштајќи се, наместо да го оствариме налогот да појдеме на „риболов“?

Но, Исус не само што ги согледал потребите на луѓето. Друга работа која Писмото ја кажува е дека Тој се сожалил. Едно е да се види потребата, а сосем друго е да се има сочувствително срце. Исусовата позната парабола за милостивиот Самарјанец е одличен пример. Откако му украле сè и го претепале, човекот лежи и умира крај патот за Ерусалим. Еден верски водач го гледа како лежи крај патот, но нема сочувство во своето срце и поминува крај него од другата страна. Уште една верска личност наидува на истата сцена. И тој го гледа човекот и сфаќа дека му се случило нешто, гледа дека овој човек се наоѓа во голема потреба, но и тој ќе го одмине. Потоа ќе наиде Самарјанецот, човек кого верските водачи го сметале како безнадежен случај, кога се работи за Бога, но тој, не само што го видел човекот, туку и се сожалил на него, му ги превил раните, го ставил во својот автомобил и го одвел во најблиската итна помош. Потоа ја извлекол својата кредитна картичка и на човекот зад пултот му рекол дека ќе плати за него. Откако му ја раскажал оваа парабола на еден стручњак за религиозен закон, Исус запрашал: „Што мислиш, кој од овие тројца му беше ближен на оној кој попадна среде разбојниците. Тој рече: ‘Оној кој му укажа милост.’ Исус му рече: ‘Оди и ти прави така“ (Лука 10,36.37). Ова е вистински евангелизам. Тоа значи да се влезе во жетвеното поле.

Постои една легенда за Светиот Фрањо, монах кој живеел во тринаесеттиот век. Еден ден ги известил своите колеги монаси дека планира да оди во блискиот град да проповеда и повикал еден почетник да појде со него. На својот пат сретнале еден повреден човек и Фрањо веднаш запрел, се погрижил за неговите потреби и му укажал медицинска нега. Продолжиле понатаму и наскоро сретнале еден бездомник кој со денови не јадел. Повторно Фрањо го прекинал своето патување и му помогнал на бездомникот. И така се случувало целиот тој ден: би наидувале на луѓе кои имале потреби и Фрањо би им помогнал колку што можел. Конечно, почнало да се стемнува, а не изговорил ниту еден збор во проповед. Фрањо му рекол на искушеникот дека е време да се вратат во манастирот на вечерната молитва. Момчето било вознемирено и рекло: „Но, вие рековте дека ќе одиме во градот и ќе им проповедаме на луѓето.“ Фрањо се насмевнал и одговорил: „Пријателе, тоа го правевме цел ден.“ Сочувствителното срце е најдобрата евангелизација. Но тоа значи дека нема секогаш да ни биде пријатно. Тоа значи дека мора да дадеме сѐ од себе. Тоа може нешто да нѐ чини. Кога им служиме на потребите на луѓето мора да направиме нешто повеќе од тоа само да ги согледаме нивните потреби – мора и да ја почувствуваме потребата и да ја исполниме. И Јаков во 2, 14-18 кажува што треба да правиме: (Прочитајте: Јаков 2,14-18)

Некои луѓе зборуваат за својата вера а други тивко живеат според неа.

Трета работа што Исус ја направил: Ги повикал своите ученици. Им рекол да се молат и ги повикал да бидат дел од она што Тој го прави. Тие не морале да бараат некое жетвено поле. Слично на Светиот Фрањо и искушеникот, цел ден биле во него. Тој ги повикал да ја видат жетвата. Тој ги повикал да имаат сочувство. Ги повикал да се молат да бидат поподготвени работници во жетвеното поле. Жетвата била поголема од жетварите. Тоа било вистина тогаш, а вистина е и денеска.

Нашата црква денеска има многу служби, но искрено говорејќи, тешко се наоѓаат доволно луѓе за да ги одржуваме. Имаме најразлични нови идеи кои би сакале да ги оствариме, но едноставно нема доволно подготвени луѓе. Неколку луѓе работат многу, а мнозина работат многу малку.

Што би се случило кога секој христијанин би се вклучил во една служба? Што би се случило кога, секој кој се нарекува христијанин, ќе влезе во жетвеното поле? Што би се случило кога христијанин ќе наиде на некој кој има потреба, запре и стане Христос за тоа лице или за тоа семејство? Оваа заедница би се променила преку ноќ. Многу христијани толку го исполниле својот живот што немаат време да му служат на Бога и да влезат во животот на другите.

Не се работи за тоа дека нивниот живот е полн со лоши активности, повеќето се добри. Господ бара од нас да поставиме приоритети на работите и да бираме, не меѓу она што е лошо и добро, туку меѓу она што е добро и подобро – меѓу она што е добро и најдобро! За мене тоа е како читање книги. Постојат стотици книги кои би сакал да ги прочитам, но немам време за тоа, па затоа бирам да ги прочитам најдобрите. Не би било ништо погрешно кога би прочитал и некои други книги, но имам само толку време и мора да се погрижам книгите што ги читам да бидат најдобрите. Не можете сè да работите, затоа одберете го она што е најдобро. Постојат многу добри работи, но одберете ја најдобрата. Немојте да се обидувате сè да направите. Немојте да го претрпувате животот на своето дете за тоа да нема време да биде дете. Одберете неколку најдобри работи. Бог нè не создал за пребрз ритам, со којшто денеска живееме.

Вклучувањето во жетвеното поле не значи дека треба да стоите на аголот од улицата и да проповедате. Не е потребно да бидете студент по теологија. Едноставно треба да го сакате Бога и да ги сакате луѓето. Едноставно треба да служите на местата на кои се наоѓаат повредени луѓе.

Во минатото постоеле многу христијански програми, како што е „Експлозија на евангелизмот“, кога луѓето оделе од врата до врата и поставувале прашања како на пример, „Кога вечерва би умреле, што мислите, каде би ја минале вечноста?“ и „Кога Бог би ве запрашал: ’Зошто да ве пуштам во своето царство?’, што би рекле.“ Ваквиот метод има свое место, па дава дури и доста резултати, но тоа денеска веројатно не би успеало кај повеќето луѓе.

Кога бев на факултет користевме четири духовни закони кога им сведочевме на луѓето. Тоа почнуваше со: „Бог те сака и има прекрасен план за твојот живот.“ Постоеја одредени чекори низ кои ги водевме луѓето и сѐ се завршуваше со добра молитва која требаше да ја изговорат ако сакаат да го прифатат Христа. Двата плана, иако беа добри, содржеа многу работи кои мораше да ги научиме напамет. Постоеја дијаграми и табели и одреден начин на кој минувавме низ планот. Но во денешната култура повеќе ќе ги задобиеме луѓето ако се спријателиме со нив и ако им служиме. Луѓето бараат други луѓе кои се автентични и реални. Тие реагираат на луѓе кои се подготвени да го сторат она што е потребно за да изградат и да одржат едно пријателство. Откриваме дека постојат повеќе начини како да се направи тоа.

Карл Бојл е еден трговец кој еден ден се возел кон својот дом и здогледал група деца кои продавале сокови во еден агол од улицата. На својот штанд ставиле со детска рака напишан знак: „Сокови 10 центи.“ Како трговец, Карл бил заинтересиран. Се паркирал и едно од момчињата му пристапило и го запрашало дали сака сок од јагода или од грозје. Карл нарачал сок и на момчето му дал четвртина долар. По многу дискусии, децата одлучиле дека треба да му вратат кусур и пребарувале во старата кутија во која ги чувале парите сѐ додека не го пронашле точниот кусур. Момчето се вратило со кусурот и застанало пред автомобилот посматрајќи го како пие. Момчето станало нетрпеливо и прашало дали Карл го испил сокот. Карл

рекол: „Еве уште малку.“ „Зошто?“ „Тоа е единствената чаша што ја имаме,“ одговорило момчето. „И мораме да ја одржиме работата.“

Среќни сме што ние имаме повеќе од една чаша и не мораме да ја користиме истата таа чаша за да ја одржиме работата. Постојат повеќе методи за евангелизам. Постојат повеќе начини да се влезе во жетвеното поле. Постојат повеќе чаши со студена вода, кои можеме да му ги поделиме на светот. Можеме да се грижиме. Можеме да помогнеме. Можеме да раскажеме што направил Исус за нас. Павле во 1. Коринќаните 9,19.22.23 рекол: „Навистина, иако сум слободен од сите, се претворив во роб на сите, за да ги придобијам што повеќе. На слабите им бев слаб, за да ги придобијам салбите; на сите им станав сè та по секаков начин да спасам некои. А сè тоа го правам заради Евангелието, за да имам дел во него.“

Исус те повикува да ја согледаш потребата, да се сожалиш и да влезеш во жетвеното поле, и да учествуваш во благословите на жетвата.

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
2/2019

Мисионски проповеди

Излегува тримесечно

*Издава:*
Христијанска адвентистичка црква,
црква на адвентистите на седмиот ден

*Превод и обработка:*
Мелита Томовска

*Коригирал:*
Томе Трајков

*Одговара:*
Томе Трајков

*За интерна употреба*